# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ФОРУМ ВО ЗАЕДНИЦАТА ВО СИПР (22.02.- 15.03.2019)

**ЦРСИПР**

Куманово

**Име на координатор:**

Владимир Павловски

**Модератор:**

Лидија Митовска

**Период на известување:**

15.02.2019-15.03.2019

**Датум на извештај:**

**15.03.2019**

## ПОСТИГНУВАЊА

**Форумски сесии**

Во периодот од 22.02.2019 до 13.03.2019 година во организација на Центарот на североисточниот плански регион се одржаа три форумски сесии, во соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка и Министерството за локална самоуправа во рамки на нивниот заеднички проект ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој,,.

На **првата форумска сесија** присуствуваа вкупно 89 граѓани од кои 43 жени и 46 мажи. Од нив 87,5 % се Македонци, 2,5 % албанци, 9 % се срби и 1 % роми. На оваа сесија граѓаните идентификуваа и дефинираа вкупно 22 проблеми и дефинираа вкупно 23 предлог решенија за решавање на проблемите. Од кои согласно критериумите на грантовата шема, 7 предлог решениа беа прифатени и утврдени од форумот да продолжат да се развиваат во предлог концепти.

На **втората форумска сесија** присуствуваа вкупно 61 граѓани од кои 34 жени и 27 мажи. Од нив 91 % се Македонци, 1,8 % албанци, 5 % се срби и 1 % роми. На оваа сесија беа презентирани вкупно седум предлог концепти од кои форумот раководејќи се од критериумите на грантовата шема утврди и одобри шест предлог концепти да продолжат да се развиваат и бидат предмет на приоретизација на форумот на третата форумска сесија а еден не прифати.

На **третата форумска сесија** присуствуваа вкупно 88 граѓани од кои 41 жени и 47 мажи.

Од нив 92 % се Македонци, 2,3 % албанци, 5 % се срби и 1 % роми. На оваа сесија граѓаните приоретизираа - бодуваа 6 предлог проекти идентификувани, утврдени и развиени од регионалниот форум во заедницата во СИПР со што ги избраа форумските приоритети. .

# 1.АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

## 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

### 1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)

Согласно целите на проектот ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој,, од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) и Министерството за локална самоуправа во кој се вклучени сите осум плански региони во државата, Центарот на Североисточниот плански регион (ЦРСИПР) во соработка со избраниот модератор на форумот и избраниот координатор на форумот ги започна подготвителните активности за успешно спроведување на регионалниот форумски процес.

Најпрвин беше одреден временскиот период за спроведување на форумскиот процес и тоа од 22.02. до 13.03.2019 година, согласно роковите дадени со водичот за грантовата шема на проектот ,,Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој,,

Модераторот беше избран од листата на сертифицирани модератори на ЗЕЛС а координаторот е лице назначено од ЦРСИПР. Членовите на Оперативната група се 2 лица од редот на вработените во ЦРСИПР, во неа се вклучени координаторот на проектот, кој воедно е и лице за односи со јавноста назначен од ЦРСИПР и 1 лице претставник на НВО секторот од регинот.

Во текот на целиот форумски процес во овој период редовно се спроведуваа подготвителни и информативни активности за организирање и успешна реализација на форумските сесии. Членовите на ОГ, заедно со координаторот и модераторот, работеа на подготовка на форумските сесии, подготовка на материјалите, медиумска промоција,информирање на јавноста и испорачување на технички и други ресурси и средства неопходни за форумскиот процес.

За **мобилизирање на граѓаните за учество на регионалниот форумски процес, Директорот на ЦРСИПР** заедно со модераторот, координаторот и оперативната група (ОГ), користеше повеќе техники, со кои беа опфатени најразлични целни групи. Беа одржани повеќе информативни средби со претставници на бизнис заедницата и граѓански организации,општинските администрации, јавни претпријатија, со пензионерите, месните заедници, младите и други интересни групи, за приоритетите на регионот и потенцијалните проектни идеи, што би можеле да се реализираат во рамките на оваа грантова шема. Посебно внимание беше посветено на дадениот рок за имплементација (околу 6 месеци) и потребата од поседување на проектна документација, утврдените теми со грантовата шема, како и на елиминирачките критериумите за оценката на квалитет, што мора да бидат исполнети за да се добие поддршката од донаторите.

Истовремено, граѓаните се мобилизираа со официјални покани, постери, лични и телефонски контакти, веб страницата на ЦРСИПР, страниците на општините во регионот, како и преку соопштенија и информации на локалните и регионални медиуми. Посебен акцент беше ставен на мобилизирање учесници во форумскиот процес од сите шест општини во планскиот регион и одредените целни групи согласно грантовата шема.

За состаноците на ОГ беа задолжени координаторот и модераторот, кои го вршеа информирањето преку лични (меил) и телефонски контакти.

### 1.1.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите

Поради краткиот период на одржување на сесиите односно временските рокови помеѓу форумските сесии, работните групи  за подготовка на концептите на предлог решенијата-проектите самите одлучија да меѓусебе контактираат користејќи ги предностите на електронските технологии, координаторот и модераторот беа во постојан контакт со работните групи ( користејќи меил и телефонска комуникација)   со цел што поуспешна подготовка на  предлог концептите на решенијата – проектите.  Од страна на модераторот и координаторот беа контактирани членовите на работните групи за одржување на работилница помеѓу првата и втората форумска сесија, но не беше прифатено од членовите на работните групи поради зафатеност,  одлучија да контактите помеѓу себе и координаторот вклучително и модераторот се одвиваат преку  онлине  телефонска комуникација.

Мобилизацијата помеѓу и по сесиите се одвиваше по воспоставениот модел на информирање со покани, плакати, лични и телефонски известувања, како и преку социјалните мрежи, web порталите и медиумите. Поради обезбедување на што пооптимален број на присутни на форумските сесии, членовите на ОГ вршеа и телефонски јавувања до секој учесник по работни маси, ден пред одржувањето на сесиите, како потсетување и потврда на нивното учество во форумот.

Во подготовката, пред, и по одржаните форумски сесии Оперативната група одржа вкупно 4 состаноци за спроведување на 3 форумски сесии . На средбите членовите на ОГ ги вршеа подготовките за мобилизација на граѓаните за учество во форумскиот процес, сите останати организациски и технички подготовки.

ОГ работеше крајно координирано, според утврден распоред и меѓусебна поделба на задачите пред, за време, и по одржувањето на форумските сесии .Ги подготвуваа поканите, умножуваа материјалите за форумските сесии, превозот, освежувањето, распоредот на работните маси и другите потребни ресурси. Општ заклучок е дека немаше никакви пропусти околу ангажманот и извршувањето на задачите од страна на ОГ. Дури може да се каже дека организацијата и одговорноста на ОГ беа подигнати на највисоко ниво заради краткиот временски рок и обемната агенда околу спроведувањето на форумските сесии,работилниците и гласачкиот процес на третата  форумска сесија.

Во подготовката и за време на регионалниот форумски процес се одвиваше континуирана и секојдневна комуникација помеѓу модераторот, координаторот и ОГ.  Целта на секојдневните контакти беше подготовка на потребните информации и материјали за форумските сесии и нивна навремена изработка.

***Преглед на профилот на ОГ***

| ЦРСИПР | Број на членови на ОГ | Број на мажи | Број на жени | Етничка застапеност (малцинства) | Застапеност на целна група |
|---|---|---|---|---|---|
| Куманово | 4 (заедно со координатор) | 3 (75 %) | 1 (25%) | 1 (25%) | 2 (50 %) ЦРСИПР, 1 (25%) НВО, 1 (25%) бизнис сектор |

## 1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ

**Првата форумска сесија** се одржа на 22.02.2019 година, во ресторанот „Грација“, во населба Карпош во Куманово, во периодот од 12-15 часот, на која присуствуваа вкупно 89 граѓани од кои 43 жени и 46 мажи. Од нив 87,5 %  се Македонци, 2,5 % албанци, 9 % се срби и 1 %  роми.

На оваа сесија беше дадена кратка информација за програмата „Форуми во заедницата“ и нејзините цели и резултати, со посебен осврт на регионалниот форумски процес во СИПР. Граѓаните се запознаа дека форумот има своја структура и правила за работа, беа утврдени – усвоени правилата за работа и **беше утврдена структурата на форумот со 9 работни маси и тоа:**

1. работна маса - Животна средина – 7 учесници ( 4 мажи и 4 жени)
2. работна маса – Култура – 9 учесници (3 мажи и 6 жени)
3. работна маса – Бизнис инфраструктура – 10 учесници (8 мажи и 1 жена)
4. работна маса - Социјална инклузија – 9 учесници (2 мажи и 7 жени)
5. работна маса – Урбанизам – 9 учесници (2 мажи и 7 жени)
6. работна маса – Неопределени граѓани - 8 учесници (4 мажи и 4 жени)
7. работна маса – Јавни дејности – 10 учесници (3 мажи и 7 жени)
8. работна маса – Туризам – 10 учесници (6 мажи и 4жени)
9. работна маса – Енергетска ефикасност – 9 учесници (9 мажи)

Граѓаните беа запознаени со целите кои треба да се постигнат со имплементацијата на регионалниот форум, преку градење на капацитети, создавање на регионални партнерства, партиципативното учество на граѓаните во дефинирањето на приоритети за регионалната заедница со крајната цел а тоа е подобрување на животот на граѓаните во заедницата. Беше презентиран концептот на програмата – проектот, детално беа претставени четирите теми утврдени со грантовата шема кои беа предмет на дискусија на форумот со посебен осврт за секоја од темите (туризам, животна средина, бизнис инфраструктура и социјална инклузија). Граѓаните детално се запознаа што конкретно се подржува за реализација во секоја од темите- областите. Воедно, беше презентирана и динамиката на работа низ сите 4 сесии, целите на секоја од форумските сесии поединечно, како и процесот на следење на спроведувањето на форумските приоритети.

На оваа форумска сесија учесниците беа информирани за критериумите за избор на проекти дефинирани со грантовата шема. Учесниците на форумот се запознаа со условот за стекнување на правото на глас, кој во овој форумски процес е минимум учество на две форумски сесии и со постапката и начинот на гласање односно избор на форумските приоритети што ќе се реализира на третата форумска сесија.

На првата форумска сесија во рамки на четирите утврдени теми (туризам, животна средина, бизнис инфраструктура и социјална инклузија) за дискусија граѓаните **идентификуваа и дефинираа 22 проблеми**.

| **Идентификувани и дефинирани проблеми од граѓаните дадени на 1 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Недоволна искористеност на обновливи извори на енергија;<br>2. Недостаток на капацитети за сместување на стари лица;<br>3. Несоодветни услови за ментален, физички и социјален развој во Ученички домови. | РМ- **Јавни дејности,**<br>Презентер: Александар Цветковиќ |
| 1. Недостиг на одржување и развој на постоечки туристички локалитет со историско и културно значење „Спомен Костурница„<br>2. Непристапност на лица со попреченост во основни и средни училишта во СИПР; | РМ - **Неопредлени граѓани**<br>Презентер: Александра Арсовска |

| | |
|---|---|
| лифтови, рампи и тоалети | |
| 1. Немање на регионален откупен центар за регионални билки и шумски плодови;<br>2. Намање на пристапна пешачка патека до туристички локалитет; „Станечки водопади“ во општина Крива Паланка. | РМ –**Урбанизам**<br>Презентер: Марјан Алексовски |
| 1. Недоволна промоција на Туристички атракции и локалитети во регионот;<br>2. Неразвиена Туристичка инфраструктура. | РМ- **Туризам**<br>Презентер: Лилјана Стојановска |
| 1. Недостиг на вода за наводнување на зеленоцветни површини во регионот, бушотини;<br>2. Потреба од подземни контејнери во регионот;<br>3. Неискористување на обновливата енергија. | РМ- **Животна средина**<br>Презентер: Сашо Стефановски |
| 1. Немање на амфитетрална сала со сите потребни услови која воедно ќе биде мултифункционална за сите настани и случувања а ќе се користи и како кино сала, сала за концерти, промоции, дебати, обуки и др.<br>2. Сместување на стари лица<br>3. Организирање на стари лица, инклузија на стари лица во соработка со правен субјект. | РМ- **Социјална инклузија**<br>Презентер: Јасмина Тодоровска |
| 1. Немање соодветна патна инфраструктура и патна сигнализација до природните и културно-историски знаменитости во регионот. | РМ- **Бизнис инфраструктура**<br>Презентер: Сашо Додевски |
| 1. Недоволни пешачки и велосипедски патеки и одмаралишта на надморска висина над 1000м.<br>2. Третман на одпадни води, регулација на речни корита и водоснабдување. | РМ- **Енергетска ефикасност**<br>Презентер: Ненад Петковски |
| 1. Немање на Туристички информатор, водич, карта, портал и ставање во функција на Регионално туристичко биро;<br>2. Намање на Туристички ски-центар на локалитет Калин Камен;<br>3. Нема уреден туристички локалитет во регионот- зимски ски-центар.<br>4. Немање современа сала за пристап на уметници, како и кино сала во регионот. | РМ- **Култура**<br>Презентер: Елена Нешковска<br>Презентер: Маргица Станисављевиќ |

Во презентациите и елаборирање на проблемите учествуваа, 11 граѓани од кои 5 мажи и 6 жени.

Врз основа на дефинираните проблеми **учесниците на форумот дефинираа 23 предлог решенија**.

| Предлог решенија од граѓаните дадени на 1 ФС | Работна маса и презентер |
|---|---|
| ✓ Решение за изградба на мини фотоволтаични централи во повеќе општини заради заштеда на електична енергија ( немање на техн. документација-проект, затоа во моментот неможе да биде прифатен)<br>✓ Решение за доплнителни сместувачки капацитети за вдомување на стари лица со доградба во регионален дом за стари лица во Куманово (техничката документација е во фаза на изработка и во овој момент се прифаќа како предлог проект во развој)<br>✓ Решение за комплетна санација на Ученички дом (се констатира дека не е во согласност со критериумите и затоа не се прифаќа) | РМ- **Јавни дејности,**<br>Презентер: Александар Цветковиќ |
| **Маса-Неопредлени граѓани,**<br>✓ Изградба на лифтови и рампи за повеќе училишта. Нема техничка докуметација. Од страна на модераторот беше констатирано дека е одличен предлог и многу потребен, но техничката докуметација е неопходна и искрено се надева дека ќе најде место во препораките за некоја следна фаза.<br>✓ Изградба на пристапни патеки и рампи за лица со посебни потреби до три туристички локалитети – објекти во регионот согласно стратегијата на СИПР. Од предлагачите беше објаснето дека нема потреба од посебна техничка документација, дека има монтажни рампи и пристапи за лица со посебни потреби, и дек аво овојмомент сметаат на три локалитети во три општини, но отккао ќе ја утврдат цената можно е да бидат опфатени и повеќе локации. Предлогот се прифаќа за изработка на концепт.<br>✓ Недостаток на техничка опрема на 6-те Центри за Култура во СИПР. Одличен предлог со регионална димензија но не кореспондира со целите и резултатот на програмата и според тоа во овој момент неможе да биде прифатен за разво на концепт. | РМ - **Неопредлени граѓани**<br>Презентер: Александра Арсовска |
| **Маса-Урбанизам,**<br>✓ Изградба на патна инфраструктура и пешачки и велосипедски патеки.<br>Предлагачите укажа дека имаат информација дека одредни технички проекти има но во | РМ –**Урбанизам**<br>Презентер: Марјан Алексовски |

| | |
|---|---|
| меѓувреме ќе доистражат и се информираат што тоа општините поседуваат како техничка докуметација согласно предлог решението . (се донесе заклучок од форумот дека може да се развива концепт за решението)<br>✓ Поставување на фотоволтаично осветлување. Од форумот беше укажано дека некои од општините веќе работат на замена на уличните светилки, и затоа предлгот неможе да добие зелено светло за понатамошен развој во концепт) | |
| **Маса-Туризам,**<br>✓ Поставување на соодветна опрема и уредување на локалитети: Станечки водопади во Крива Паланка и Куклици во Кратово. (има техничка документација) – беше констатирано од модераторот дека предлог решението е согласно критериумите и може да се развива концепт за истото.<br>✓ Набавка на опрема за екстремни спортови во Бислимска клисура во Општина Куманово<br>✓ Изградба на енергетски ефикасен проект за туризам во Бислимска клисура.<br>И двата предлога имат техничка докуметација.<br>По презентацијата на двата предлога се испостави дека станува збор за ист локалитет и се заклучи дека двете предлог решенија да се спојат во едно решение, предлогот е согласно критериумите и се прифаќа за развој на проектен концепт..<br>✓ Поставување на соодветна опрема и уредување на туристичкиот локалитет спомен Костурница во Куманово – има техничка докуметација.<br>Од страна на модераторот се констатира дека и ова предлог решение се вклопува во критериумите и се приќафа за развој на проектен концепт.<br>✓ Инфраструктурно уредување на туристичка инфраструктура за одржување на регионална туристичка манифестација НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ<br>Од страна на предлагачот беше информирано дека станува збор за туристичка манифестација од меѓународен карактер и дека за активностите што ги предлага има одредена техничка | РМ- **Туризам**<br>Презентер: Лилјана Стојановска<br>Презентер: Драган Чунгурски<br>Презентер: Стојанче Величковски |

| | |
|---|---|
| докуметација додека за одредни активности не е потребна.<br><br>Предлогот е прифатлив и е согласно критериумите и може да се развива предлог концепт. | |
| ✓ Поставување на подземни контејнери за смет во регионот.<br>Модераторот констатира дека е одлично и иновативно предлог решение за регионот, но бидејќи нема технички проект и за жал во овој момент неможе да биде развиен концепт.<br><br>✓ Инсталирање на енергетски соларни системи во училишта и други установи ( не е согласно критериумите на проектот, децидно и јасно укажано од програм координаторот Марија Каева и дека не се прифаќа) | РМ- **Животна средина**<br><br>Презентер: Сашо Стефановски |
| ✓ Реконструкција на спортски објект за едукација со училишен спорт за дечиња од регионот со посебни потреби;<br>(има технички проект – прифатливо за предлог концепт)<br><br>✓ Изградба на Објект за сместување на стари лица, регионално во општините; Куманово, Старо Нагоричане и Ранковце/Социјална инклузија на стари лица во соработка со некој правен субјект (нема дефинирано локација, нема техничка документација и затоа во моментот неможе да продолжи да се развива)<br>✓ Центар за општокорисна работа во затвор К'шање.( не е согласно критериумите на проектот и не се прифаќа) | РМ- **Социјална инклузија**<br><br>Презентер: Јасмина Тодоровска |
| .<br><br>✓ Чистење на диви депонии со рециклирање на отпад и пошумување на истите ( за предлог решението од страна на модераторот беше укажано дека финансиска подршка за вакви активности имаат општините во нивните оперативни годишни програми и има можност за пристап до средства од други национални и меѓународни фондови)<br>✓ Изградба и/или реконструкција, рехабилитација на пристапни патишта, пешачки и велосипедски патеки, како и сигнализација до туристички локалитети во регионот. | РМ- **Бизнис инфраструктура**<br><br>Презентер: Сашо Додевски |

| | |
|---|---|
| (прифатливо за предлог проект – предлагачите укажаа дека за одредни активности не е потребна техничка докуметација а пак за некои имаат сознание дека во некои од општините има технички проекти ) | |
| ✓ Замена на постојани улични светилки со фотоволтаични светилки. Од форумот беше укажано дека некои од општините веќе работат на замена на уличните светилки, и затоа предлгот неможе да добие зелено светло за понатамошен развој во концепт)<br>✓ Изградба на канализациона мрежа за која има техничка документација- од страна на модераторот беше констатирано дека предлогот е во областа на животна средина но ја нема регионалната димензија, укажа дека немањето на канализациона мрежа во 21 век е голем проблем и дека предлогот ќе оди како препорака од форумот до регионални локални па може и до други институции и меѓународни грантови шеми) | РМ- **Енергетска ефикасност**<br>Презентер: Ненад Петковски |
| **Маса-Култура,**<br>✓ Да се формираат регионални туристички центри во општините: Крива Паланка, Куманово и во другите општини, да се опреми простор со печатење на промотивен материјал.<br>(констатирано е дека за погоренаведеното е потребна техничка и друга придружна документација, предлагачите немаат информација дали некоја од општините има технички проект за оваа намена, модераторот констатира дека предлогот е согласно критериумите и дека може да се развива за следната сесија во меѓувреме да се обезбеди информација за техничка документација, можеби некои од општините поседуваат простор кој само треба да се прилагоди и доуредии и дека овој концепт може да се развива за во следната сесија-следниот период каде ќе има форумот поголеми детали за изведливоста на решението, за одржливоста, финансирањето на персоналот и др. дали општините ќе бидат спремни да прифатат такви обврски итн). Но програм координаторот на проектот Марија Каева | РМ- **Култура**<br>Презентер: Елена Нешковска |

| | |
|---|---|
| децидно кажа дека во Кратово веќе постои опремено Туристичко биро и дека предлог решението според неа не е прифатливо и дека нема да се разгледува понатаму) | |

**Во презентациите и елаборирање на предлог решенијата учествуваа, 12 граѓани од кои 7 мажи и 5 жени.**

По дискусијата за секое едно предлог решение беше констатирано дека еден дел од нив не се во согласност со критериумите на проектот, еден дел од нив се издржани и се согласно критериумите на проектот но неможат да продолжат да се развиват во предлог концепти само пради фактот на непостоење на техничка документација која е неопходна за инвестициската компонента од проектот, одредени пак предлог решенија дадени од различни работни маси се заклучи дека се преклопуваат и се однесуваат на исти локалитети и слични работи, затоа форумот одлучи таквите предлог решенија да се групираат во едно заедничко предлог решение - концепт.

**Форумот утврди листа на 7 (седум) предлог решенија** кои ги исполнуваат критериумите согласно проектот и добија зелено светло да се развиваат во предлог концепти и бидат презентирани на втората форумска сесија и тоа:

**Концепт 1:** Уредување на Бислимска клисура (изградба на енергетски ефиксен објект за развој на рурален туризам во Бислим);

**Концепт 2:** Инфраструктурно уредување на туристичка инфраструктура за одржување на регионална туристичка манифестација НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ ;

**Концепт 3:** Поставување на урбана опрема на туристички локалитет Спомен костурница ;

**Концепт 4:** Изградба на пристапна инфраструктура -пешачки патеки и рехабилитација на постојни до природни реткости - атрактивни туристички локалитети, уредување со урбана опрема и патокази и инфо табли во СИПР (Станечки водопади, локалитет Куклица и др.);

**Концепт 5:** Доградба на дополнителен сместувачки капацитет во регионалниот дом за стари лица во Куманово;

**Концепт 6:** Инклузивен стадион во СИПР ( Реновирање на спортски објект за здравствено спортски активности и социјална инклузија на лица со посебни потреби во СИПР);

**Концепт 7:** Изградба на пристапни патеки и рампи за лица со посебни потреби до три туристички локалитети – објекти во регионот согласно стратегијата на СИПР;

По дефинирање на листата на предлог решенија, форумот формира **7 работни групи** за подготовка на **7 проектни концепти** за утврдените решенија.

**Работни групи за изработка на предлог концептите:**

| КОНЦЕПТИ | ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА |
|---|---|
| Концепт 1: Уредување на Бислимска клисура (изградба на енергетски ефиксен објект за развој на рурален туризам во Бислим) | 1. Драган Чунгурски<br>2. Александар Дејановски<br>3. Наташа Јаневска<br>4. Даниела Анастасовска |
| Концепт 2: Инфраструктурно уредување на туристичка инфраструктура за одржување на регионална туристичка манифестација ,,НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ,, | 1. Стојанче Величковски<br>2. Наталија Милковска<br>3. Ахмет Јашаровски |
| Концепт 3: Поставување на урбана опрема на туристички локалитет Спомен костурница | 1. Марија Бабан<br>2. Билјана Николовска<br>3. Ахмет Јашаровски<br>4. Гоце Јованович |
| Концепт 4: Изградба на пристапна инфраструктура -пешачки патеки и рехабилитација на постојни до природни реткости - атрактивни туристички локалитети, уредување со урбана опрема и патокази и инфо табли во СИПР (Станечки водопади, локалитет Куклица и др.) | 1. Милош Димитровски<br>2. Билјана Ц Тасевска<br>3. Ирена Белешковска<br>4. Лилјана Стојановска<br>5. Сашо Додевски |
| Концепт 5: Доградба на дополнителен сместувачки капацитет во регионалниот дом за стари лица во Куманово | 1. Росица Митиќ<br>2. Маријана Додевска |
| Концепт 6: Инклузивен стадион во СИПР ( Реновирање на спортски објект за здравствено спортски активности и социјална инклузија на лица со посебни потреби во СИПР | 1. Југослав Спасиќ<br>2. Сања Алексоовска Цветковиќ<br>3. Ивана Димовска Трајковска |
| Концепт 7: Изградба на пристапни патеки и рампи за лица со посебни потреби до три туристички локалитети – објекти во регионот согласно стратегијата на СИПР | 1. Драган Величковски<br>2. Љубомир Младенов<br>3. Мартин Николовски<br>4. Атина Мургашанска |

**Вкупно 25 учесници на форумот се дел од седумте работни групи за подготовка на предлог концептите од кои 13 се жени а 12 мажи.**

**Втората форумска сесија** се одржа на 01.03.2019 година, во ресторанот „Грација“ во населба Карпош во Куманово, во периодот од 12-15 часот, присуствуваа вкупно 61 граѓани од кои 34 жени и 27 мажи. Од нив 91 % се Македонци, 1,8 % албанци, 5 % се срби и 1 % роми.

На оваа форумска сесија беа презентирани 7-те предлог концепти од работните групи и тоа:

**Концепт 1: Уредување на Бислимска клисура (изградба на енергетски ефиксен објект за развој на рурален туризам во Бислим)** го презентираше Драган Чунгурски, член на

работната група кој информираше дека работната група го скратила насловот на предлог концептот и понатаму истиот ќе гласи:

- **Уредување и Валоризација на спортско рекреативен центар БИСЛИМ**

Чунгурски во презентацијата го појасни значењето на „Бислимска Клисура" во областа на туризмот во Североисточен плански регион (СИПР). Тој меѓудругото нагласи дека; се работи за фаворизација на спортско рекреативен Еко-центар Бислим кој се наоѓа во непосредната близина на градот Куманово, низводно од сливот на реката Кумановка по течение на реката Пчиња,природно се вклопува Бислимската клисура, локалитет кој по своите природни убавини и карактеристики спаѓа меѓу најинтерсните туристички локалитети во нашата држава. Иако станува збор за природна реткост која е одалечена на само 5 километри од градот Куманово, следејќи ги целите и приоритетите на реката Пчиња со развој на проектот „Создравање на предуслови за развој на туризмот во североисточен плански регион" од 2010 година, „Бислимската Клисура" беше посочена како погодна за развој на туризмот и за таа цел Центар за развој на Северисточен плански регион изработи Студија во функција на туристички развој на Бислимската Клисура". Индиректно оваа локација може да допринесе за поголем економски развој на локалниот простор, општина Куманово и СИПР. Бислимската клисура се протега во должина од 7 км, по течение на реката Пчиња и најчесто е посетена од истражувачите а најчесто од факултетот за Географија/Прородно математички факултет, Факултетот за земјоделство и храна, како и од други излетници-викендаши. Заради своите природни реткости овој локалитет е влезен во сите стратешки документи, развојни програми на општина Куманово, како и во Стратегија за заштита и развој на природни богатства во Македонија. Исто така во понатамошното презентирање Чунгурски нагласи дека за промоцијата на овој туристички локалитет се изработни рути, брошури, флаери и друг пропаганден материјал и дека зависно од временските услови без да се нарушат создадени вредности сега дневно ја посетуваат 20-50-тина посетители или околу 15.000 годишно (во утрински и попладневните часови), според направените проценки согласно досега изработените документи и анализи „Бислимската Клисура" по уредувањето на зацртаното ниво, би требало да ја посетуваат најмногу 150.000 посетители годишно.

Најголем број посетители се очекуваат од Куманово, СИПР, градот Скопе а со понатамошната афирмација на овој туристички локалитет се очекуваат посети и од другите градови ширум државата како и посетители од странство, бидејќи овде за кратко време можат да се видат многу интересни содржини. Исто така на овој локалитет има услови за развој и на екстремни спортови; кајакарство, параглајдерство и сл. Со овој проект можае да се зголеми и бројот на дводневни тури, тука се предвидува адаптација на објекти во с. Орашац и с. Пчиња.

Оој локалитет можат да го посетуваат и ученици основните и средните учолишта од регион и пошироко за да ја осознајат природата подобро, да имаат настава во природата, да учат за природно и културното наследство, да се грижат за животната средина а од друга страна би имале можност и за спортски активности. Целата оваа идеја би се претворила во едно; еколошко спортско едукативно како во иднина би се изградили во здрави, психолошко физички генерации. На долгорочен план потребно е да се изнајде начин за финансирање и одржување на „Бислимска „Клисура" и подобрување на истата со поставување на потребна опрама.

Со оглед дека Куманово за 2019 година е прогласен за Олимпијски град, Чунгурски замоли за поддршка на овој проект за да Куманово продолжи во успешен развој на спортот.

7.853.469,00 денари за што постои проект со комплетна Техничка документација, која е доставена до реализаторите, поединечно за секоја активност.

**Биљана Цветковска Тасевска, од општина Крива Паланка-маса туризам праша**; -Како може да се стигне до Туристичкиот локалитет „Бислимска Клисура", дали е инфраструктура добра и дали има асфалт до локалитет.

Презентерот на проектот Драган Чунгурски појасни дека до локалитетот има два пристапни пата и асфалтирани се, едниот е на потег од Орашачки мост (патот Куманово-Свети Николе) а вториот кој води преку локалитетот “ „Краста“ во правец на с. Пчиња и води до самата Клисура.

Пристапните патишта водат кон Портата на Бислимска клисура со паркинг за околу 200 возила.

**Драган Величковски, од градски Музеј на општина Крива Паланка-маса Неопределени граѓани**; - Имам сознанија од медиуми кои проследија информации дека овој проект ќе се финансира од одредени донатори, па ме интересира дали некои активности од овој проект ќе се инвестират од тие донации.

Презентерот на проектот Драган Чунгурски појасни дека според Студијата што ја презентираше СИПР каде се опфатени низа активност кои треба да се реализираат, можам да кажам дека овој проект е можеби еден од помалите со оглед на тоа дека таму имаме активности од поголеми размери меѓу кои и изградаба на Висечки мост во должина од 380м и висина од 700 метри, така да овде се работи за два различни проекти.

**Марија Караева** – програм координатор на проектот се јави за збор и побара од презентерот за сите досегашни активности да бидат информирани, односно посочи на презентерот да тоа го вметнат во анекс концептот.

- **Концепт 2: Инфраструктурно уредување на туристичка инфраструктура за одржување на регионална туристичка манифестација НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ го презентираше Стојанче Величковски, член на работната група.**

Стојанче Величковски појаснувајќи ги своите заложби за зачувување на обичаите од нашите предци како што вели Тој и го посочи неговот залагање за возобнување еден меѓудругите, многу важен обичај ,,НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ,, и врз основ на тој обичај успеавме да ја вратиме традицијата, да направиме Регионално учество, сега имаме Меѓународно учество, нагласувајќи ја средба со одборот на „Галичка свадаба“ кои го најавиле нивното присуство на 10-та традиционална манифестација на ,,НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ,,.

Величковски во својата понатамошна презентација нагласи дека со ова традиционална манифестација која го отсликува односот помеѓу свекрвата и снаата, се добива можност за соработка не само во СИПР туку и меѓурегионално со сите ргиони во Македонија.

Проблем е местото кај што се одржуваше оваа манифестација не е димензионирано да прими и да овозможи непречено следење на манифестација со доволен број на луѓе кои на почеток биле околу 300 а сега има 2-3 илјади посетители со проценка за некоја година ќе достигне и до 10 илјади посетители. Нашето барање е да го уредиме целиот тој простор за да може непречено сите ритуали што се изведуваат да бидат изведени на достоинствен начин и да можат сите регионални сунјекти кои ќе дојдат непречено да учествуваат со еколошки производ, со сувенири итн. Тој го посочи Струмичкиот фестифал „Тримери“ кој има 30 илјади посетители и кои не можата сите да се сместат во Струмица, туку се сместуваат во околните градови (посочувајќи го Штип и Кавадарци). Величковски направи паралела со СИПР потенцирајќи го сместувањето на гостите во сите градови во СИПР заради што би имале сите бенефит од оваа традиционална манифестација. На овој начин ќе имаме и регионално партнерство со сите општини посочувајќи ги организираните излоби по Музеи широм регионот.

На крајот Стојанче Величковски ги информира учесниците на сесијата од форумот дека во моментот се работи на изработка на Елаборати, нагласувајќи дека потребните градежни зафати не се од некакви специјални градби што бараат урбанистички согласност, туку се работи само за Елаборат за уредување на целиот простор.Овде се работи за уредување на патеки, настрешници и простори за органска храна.

- **Концепт 3: Поставување на урбана опрема на туристички локалитет, Спомен костурница го презентираше Билјана Николовска , член на работната група која** информира дека работната група извршила додефинирање на името на предлог концептот и и понатаму истиот ќе гласи:

- **Реставрација, развој и одржување на туристички локалитет од историско и културно значење - Спомен Костурница – Куманово**

Презентерката на почетокот информира дека овој локалитет е со историско и културно значење. Споменик Костурница кај што се сместени коските на 500 партизански борци од НОБ и 5 Народни херои, споменикот е сместен во централно градско подрачје во ридска област со најпошумена површина во општина Куманово, со зимзелени насади. Заради недоволен број на туристички содржини овој локалитет е многу слабо посетен, исклучително за одржување на манифестации на сите државни празници, додека останатите денови во годината оваа место е празно и запоставено, затоа сметаме дека сликата за оваа спомен-обележје на Антифашистичка револуција е доста уништено. До споменикот има тесен пат кој би се решил со изградба на Колосеум на отворено кој ќе биде уреден за одржување на културни манифестации, што се однесува до регионално значење на проектот, планираме регионално партнерство со општините; Липково и Старо Нагоричане, ова се рурални општини на кои им е административен и културен центар општина Куманово кај што природно гравитираат и ги задоволуваат секојдневните потреби. Секако од содржините што очекуваме да бидат вклучени во овој проект, ќе можат да ги користат како граѓаните на општина Куманово така и граѓаните од општините во регионот и пошироко, што се однесува до колосеумот би потпишале Меморандум за соработка со партнерските општини доколку пројават интерес и другите општини од регионот со што би имале исклучително право да го користат чките агенции, секако во регионот немаме можност за спорт на отворено ова би било еден локалитет кој што има туристичко значење заради историската важност на локалитетот и со ова ќе биде посетуван преку целата година поради можноста и за спорт на отворено со користење на трим патека, справи за вежбање, терените за кошарка, фудбали секако би очекувале да има интерес од целиот регион. Целни групи сметаме дека ќе бидат деца и млади од различни етнички и културни заедници кои што ке се забавуваат и спортуваат и запознаат историското и културно значење на Спомен костурницакоја е симбол на општината Куаманово, спортската опрема која е предвидена со овој проект овозможува спортување на мажи и жени од различна возраст подеднакво, лицата со хендикепт ќе имаат пристап затоа што постои рампа која овозможува пристап до локалитетот, исто така очекуваме и старите лица да го посетуваат овој локалитет бидејќи во пошумеото подрачја чланираме да поставиме клупикаде што би можеле да дојдат зна рекреација. Колосеумот на отворено е за манифестации од интерес и значење за целиот регионот и за сите категории на граѓани. Како општа цел дефиниравме да се зголеми бројот на посетители од Куманово и регионот до 40% на годишно ниво во Туристичкиот локалитет од историски и културно значење спомен Костурница и туристичка промоција на овој локалитет преку Агенција на регионален развој, преку рестартирање и уредување на просторот и креирање на туристичка понуда која ќе биде промовирана од Агенции и од дргутите општини.

Целите на овој проект се; поголема посетеност на овој локалитет преку разни спортски активност, одржување на културни манифестации на отворено.

**Марија Караева** – програм координатор на проектот.

Прашање: - Дали локалитето спомен Костурница граничи со некои од општините во регионот а се наоѓа во непосредна близина на центарот на Куманово?

Одговор на презентерот: - Да, се наоѓа во непосредна близина на центарот на градот, меѓутоа за време на празниците спомен Костурница посетувана е и од другите општини а тоа ни е и целта, да го посетуваат и жителите од регионот а со содржините кои ги нуди тоа

ќе биде местото кое ќе го посетувата не само жителите од регионот туку и пошироко информирајќи се преку туристички мапи, бидејќи овој локалитет е симбол на општина Куманово и ќе понудиме нови содржини со овој проект користејќи ги природните капацитети што ги има истиот.

Дали парите се доволни за ова што го предвидовте?

-За овој проект ни се потребни 120.000 евра.

Дали фокусоте ќе ви биде на Колосеумот, на спортските активности и спортски терени?

-Да, а одржување ќе биде обврска на ЈП „Чистота и Зеленило" а Колосеумот ќе биде во надлежност на општина Куманово.

Дали ќе има финансиска корист општина Куманово и дали сите општини ќе плаќат користење на Колосеумот и како тоа ќе изгледа?

-Не, преку Меморандумот за соработката можат да одржуваат културни манифестации без финансиски надомест.

За спортските активности ќе има ли финансиска надомест?

-Не, тоа ќе биде без финансиски надомест.

- **Концепт 4: Изградба на пристапна инфраструктура -пешачки патеки и рехабилитација на постојни до природни реткости - атрактивни туристички локалитети, и уредување со урбана опрема во СИПР го презентираше Сашко Додевски, член на работната група кој информира,** дека работната група го сумирала и скратила насловот на предлог проектот - концептот и понатаму истиот ќе гласи:

- **Природните реткости и атрактивности во североисточниот плански регион во функција на развој на туризмот и социоекономски развој.**

На почетокот презентерот укажа дека во презентацијата ќе се раководи согласно анексот 7 за предлог концепт.

Презентерот Сашо Додевски најпрвин информира дека овој предлог произлезе од неколку работни маси по што е составен тим кој ќе го развива концептот. Тој меѓудругото нагласи дека концептот содржи инвестициски дел и неинвестицидки дел, во инвестцискi дел се превидени градежни работи, во тек на равојот на концептот дојдовме до информации дека за локалитетите кои што се опфатени постои техночка документација. Имплементација ќе се одвива на ниво на Североисточниот плански регион, односно општините: Крива Паланка, Ранковце, Кратово и Старо Нагоричане, проектот се предвидува да трае околу 7 месеци со буџетот околу 120.000 евра, овој проект ќе се реализира на територијата на 4 општини со тенденција на проширување на ефектите, кои што ќе бидат забележени на целиот регион конкретно станува збор за изградба и рехабилитација на пристапна и друга туристичка инфраструктура која што ќе допринесе до унапредување на атрактивноста на регионот од друга страна дополнително ќе допринесе до подобра промоција преку постојани информативно-туристички точки и друга туристичка сигнализација, за најважните туристички локалитети во регионот што исто така се предвидува да бидат интегрирани во една заедничка информативно-промотивна платформа, во која ќе се даде една регионална интегрирана туристичка понуда. Предлог концептот е од областа Туризам согласно грантовата шема, и предлог проектот е кохерентен и во согласнст со мерките од Националната стратегија за регионален равој и стратегија за развој на СИПР, како и програмата за регионален развој на СИПР. Среднорочната цел е оддржлив регионален развој преку развој на конкурентна регионална Туристичка понуда, ревитализација на руралните средини и создавање на услови за подобар рурален развој. Тоа е среднорочната цел, односно објектите валоризација, мапирање на туристичка инфраструктура,

подобрување на туристичка инфаструктура, обезбедување на инфраструктура до туристички локалитети, подобрување на сигнализацијата и визуелизација за Туристичките атракции и зајакнување на капацитетите за развој на туризам.

Целите на проектот се; изградба на пристапна инфраструктура и пешачки патеки и рехабилитација на постојни патеки до природни реткости и атрактивни туристички локалитети и уредување со урбана опрема и патокази во СИПР.

Целни групи кои што се опфатени со овој предлог-концепт на првомето се граѓаните на СИПР, Североисточен регион како институција, локалните самоуправи во рамките на регионот, туристички информативни центри,, здруженија и фондации во СИПР, Месните заедници, односно Месната самоуправа, Туристички агенции, сместувачки капацитети, Музеи и тн.

Очекуваните резултати од овој концепт се унапредување на атрактивност и конкурентност во СИПР како Туристичка дестинација, подобрување на социо-економска состојба на населението во СИПР, преку развој на Туризмот, подобрување на локалните и регионални услуги.

Во понатамошното презентирање на концептот Додевски меѓудруго ја посочи и потребата од користење на Софтверски решенија и Социјални мрежи за поквалитетно промовирање на туристички содржини во СИПР се' со цел привлекување на потенцијалните туристи.

Општата цел е оддржлив развој на Туризам во СИПР, целите на проектот се креирање на конкуретни предности на СИПР во областа на Туризмот преку изградба на пристапна инфраструктура до Туристички локалитети како и соодветно уредување со опрема , клупи и маси, корпи за отпадоци и сл. Како и мапирање на локалитети во регионот од културно, религиозно, историско и природно значење. Презентерот информира дека согласно планираните активности ќе се движат во рамки на планираниот проектен буџет од околу 140 000 швајцарски франци.

По завршување на презентацијата модераторот отвори дискусија и ги повика присутните доколку имаат прашања во врска со презентацијата.

**Младен Протиќ од масата неопределени граѓани** праша: Бидејќи финансиска конструкција ја немате склопено Во резултатите треба да ставите податоци за поставена опрема, изградена инфраструктура, за посебно за Станечки водопади посебно за Куклици бидејќи резултатите се потребни за евентуално аплицирање со проектот.

**Одговор од презентерот:** Заради временска рамка за презентацијата не се презентирани тие податоци инаку ги има; Изградба на пешачката патека во локалитетот „Станечки Водопади" имаме и детален технички опис, предмер пресметка, станува збор за локалитет Туристички парк „Станечки Водопади" и изградбата на патеката е само еден елемент од цел тој комплекс кој е дел од предлог концептот, исто така има потреба и од Елаборат за валоризација, кој исто така е во тек на развивање, овде од големо значење е развој на основен проект кој освен од регионално значење, истиот може да биде и од прекугранично значење, затоа што води кон локалитетот „Калин Камен" што е една можност и за развој на зимски рекреативен туризам, понатаму тој може да се поврзе со зимско рекретивните центри и постоечки пешачки патеки во соседна Бугарија. Исто така од значај е и локалитетот „Куклица", и ако има потреба ќе ги презентираме и останати предмери.

- **Концепт 5: Доградба на дополнителен сместувачки капацитет во регионалниот дом за стари лица во Куманово, го презентираше Росица Митиќ, член на работната група,** која со жалење го информира форумот дека техничката документација која е во процес на изработка и покрај нивната голема желба неможе да биде завршена во периодот до 15.03.2019г. поради што предлог концептот неможе д апродолжи да се развива понатаму.

Презентерката Росица Митиќ, на присутните им појасни дека Домот за стари лица „Зафир Сајто“ од Куманово е институција која е основана во далечната 1956 година и дека во Дом за стари лица се сместени и стари од целиот регион и пошироко, од Куманово се сместени 72 лица додека во моментот има вкупно сместени 168 лица, исто така сакам да ве информирам дека оваа институција е многу значајна бидејќи според информациите од медиумите 18% од населенито е со над 65 годишна возраст во Македонија што е загрижувачки фактор. Во нашата држава постојат само 4 дома кои се под државни институции, додека сместување во приватните домови со своите цени многу се недостапни и не можат многу семејства со стари лица да си го дозволат тоа.

Затоа и апелирам 4-те дома кои ги има држава кои можат да сместат некаде околу 600 стари лица, значи дека некаде 0,5% од население е упатено во државните домови, затоа апелирам дека во нашата држава нашите стари лица плачат за вакви домови. Нашиот дом има простор, има иднина. Затоа треба да се размисли и сериозно да се даде приод кон оваа проблематика од сите тука присутни. Сета ова Програма која ја имам Јас ја надополнив и таа е како препорака и мислам дека ќе го изоди овој пат, ова се можеби првите чекори, меѓутоа баш би сакала да го релизираме проектот, баш заради потребата за старите лица, затоа и доставивме документација за потребните уште 80 легла што може да се направи со спрат погоре бидејќи тенденција на сите државни домови е да геријатриските делови, геријатриските центри бидат на најгорниот дел кој ќе располага со лифтови, така што сите услови и потреби максимално ќе бидат задоволени. Потоа со жалење го информира форумт дека Техничката документација е во процес на изработка и покрај нивната желба таа неможе да биде завршена.

- **Концепт 6: Инклузивен стадион во СИПР ( Реновирање на спортски објект за здравствено спортски активности и социјална инклузија на лица со посебни потреби во СИПР го презентираше Југослав Спасиќ, член на работната група.**

И овој презентер информира дека работната група го скратила насловот на предлог проектот - концептот и тоа во:

- **„Иновативна спортска сала за социјална инклузија надеж мала“**

Презентерот Спасиќ, претставувајќи се пред присутните даде едно пошироко појаснување за своето искуство согласно темата на Концептот и нагласи дека во едукациските информациските и организациските активности ќе се застапени сите 6 општини, времетраење на проектот е 6 месеци, вкупниот буџет што го пресметавме е 142.957 швајцарски франци, согасно активностите околу тендери и буџетирање и тн ќе има промени не се вклучуваме многу во тој дел, меѓутоа според Техничка документација која е постапно за реализирање на овие активности за оваа нова сала се вклопуваме во овој буџет и консултирани се во урбанизам и дополителни дозволи не се потребни, така да сме чисти во тој дел.

Согласно обласла на дејствување предлог проектот е во обаста на социјална инклузија те. здравје, рехабилитација рекреација и спорт, и е во согласност - кохерентен со мерките на двата стратешки документа кои се дадени како и и во однос на визијата.

Целта на Концептот е да се создадат поволни услови во една сала за вежби и активност за сите лица од овој регион со пречки во равој,

Целни групи се нормално лицата со пречки во развој, родителите секако дневните центри здруженија од овој регион кои се занимават со проблематика и активност за развој на лицата со попреченост и општините во СИПР.

Крајни корисници се сите машки и женски лица од различита култура, различита возраст со пречки во развој од СИПР. Во однос на користење меѓусебна соработка, дружење, едукација, промоција, рехабилитација и слични активности, за овие лица и за нивната инклузија заедно со лицата без пречки во развој.

Очекувани резултати се; реновирана иновативна спортска сала, едуцирани и информирани семејства на лицата со посебни потреби, едукативни центри и здруженија од сите општини во регионот, информирање за користење на оваа сала најмалку 2 пати неделно во текот на една недела бесплатно, обезбеден бесплатен превоз за сите 6 општини за овие лица кои треба да пристигнат. Статистички податоци од здравстевена организација покажуват дека 15% е бројот на лицата со попреченост во земјите во развој како што е нашата, Во овој Концепт се опфатени околу 1000 лица.

Главни активности; реновирање, информирање и запознавање на семејства, обезбедување на Меморандум за соработка со здруженијата, обезбедување на бесплатен превоз, преку наведените здруженија, организирање за одржување на манифестации за промоција, култура, инклузија и меѓусебна соработка на лица со пречки и лицата без пречки и други.

Општа цел е визијата од  иницијатори од нашето училиште „Крсте Мисирков“ од Куманово; спорт, здравје, забава за сите а мисијата е да му се овозможи на секое дете, според тоа сакаме да обезбедиме здравствено образование на лица со посебни потреби и да е подеднаква за сите лица на ниво на регионот во училишниот спорет и во здравтвено рехабилитациски активности.

Понатаму во своето презнтирање Југослав Спасиќ го појасни предвидениот распоред за користење на Салата а бидејќи истата е во склоп на училиштето  и можноста на користење на наставнички кадар од образованието, како и соодветно оддржување на салата.

По завршување на презентацијата модераторот му се заблагодари на презенерот и отвори дискусија по предлог концептот.

